РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. УП I 25-3/3
9 .10.2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11 и 123/12), постапувајќи по барањето на АМД Ѓ.Н. УСЛУГИ ДОО увоз-извоз Битола бр.УП I 25-3/1 од 28.09.2012 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Се овластува АМД Ѓ.Н. УСЛУГИ ДОО увоз-извоз Битола на инспекциското место во Битола на ул. Арон Ароести бб за вршење на стручни работи во постапките за:
1. Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, и одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, и
2. Испитување поради одобрување на преправени возила во кои дополнително е вграден:
- уред за погон на возилото на течен нафтен гас (ТНГ),
- уред за спојување на влечното и приклучното возило (приклучен уред-кука) и
- заштитни фолии или обоено стакло како заштита од сонце.

Образложение

АМД Ѓ.Н. УСЛУГИ ДОО увоз-извоз Битола, до Министерството за економија поднесе барање бр.УП I 25-3/1 од 28.09.2012 година, со кое бара овластување за техничка служба за вршење на стручните работи во постапките за:
1. Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11 и 84/12) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10) за инспекциското место во Битола на ул. Арон Ароести бб; и
2. Испитување поради одобрување на преправени возила од категориите M, N и O во кои дополнително е вграден: уред за погон на возилото на течен нафтен гас (ТНГ), уред за спојување на влечното и приклучното возило (приклучен уред-кука) и заштитни фолии или обоено стакло како заштита од сонце, согласно член 7 став (1) точка 1 (ТНГ), 4 и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот.

Кон барањето бр.УП I 25-3/1 од 28.09.2012 година се поднесени следните документи:

- Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица бр.08-18/6223 од 25.09.2012 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-065 од 10.09.2012 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба бр.25-8314/1 од 02.10.2012 година, издаден од Органот за одобрување – Биро за метрологија;

- Копии од обрасците М1/М2 за М-р Зоран Трајковски, дипл. маш. инж Сашо Алушевски, дипл. маш.. инж. Диневски Николче, дипл. сообраќаен. инж Костовски Јован, дипл. инж по патен транспорт Талевски Зоран и дипл. инж по патен транспорт Смилевски Ване;

- Доказ за сопствен деловен простор имотен лист бр.1105-25490/2012 од 25.09.2012 година и Изјава за деловен простор и опрема бр.01-116 од 29.06.2012 година

- Доказ за осигурување: Полиса бр.6000120000008 од 15.04.2012 година;

- Информација за економско финансиската состојба на субјектот АМД Ѓ.Н. УСЛУГИ ДОО увоз-извоз Битола, издаден од Централен регистар на Република Македонија РРК Битола бр.09-9/360 од 31.07.2012 година;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12 ) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија и одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

*МИНИСТЕР,*

*Ваљон Сараќини*